**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04.08.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 3891 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Вид надзор:** **<u>вонреден</u>**

**2. Субјект на надзорот:** Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**3. Датум на извршување на надзорот:** 04.08.2016 година

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската во член 144 став 3 – „*Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 62 став (4) од овој закон, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје*“ од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14).

Оваа законска обврска е допрецизирана со член 4 од *Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал* („Службен весник на Република Македонија“бр. 108/16), а согласно кој операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот излезен сигнал до локациите утврдени во Правилникот за негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Скопје, заклучно со 01.08.2016 година.

**5. Претходно изречени мерки:** Нема

**6. Констатација од надзорот:**

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје не го потпишал Образецот за физичко доставување на сигнал, со што се констатира дека овој оператор својот сигнал не го испорачал во Скопје за регионот Д1 – Црн Врв, како утврдена локација за прибирање на сигнал од односниот оператор. Образецот за физичко доставување на сигнал се потпишува поединечно помеѓу секој оператор и Агенцијата со што се потврдува дека операторот ја исполнил обврската за испорачување на сигналот, согласно Законот и Правилникот.

Оттука, со надзорот беше констатирано дека операторот не го испорачал својот излезен сигнал до утврдената локацијата за прибирање, за негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Скопје, во предвидениот рок согласно Правилникот, односно заклучно со 01.08.2016 година.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и согласно точка 9 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со член 144 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**